Бл 1998

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: 21-01-2021
Орг. един.: | Број: | Прилог: | Вредност:
39 — 961 /1
врска бр 43-8932/2020

Рег. бр. 13.1.2 - 3957/1

Скопје, 18-01-2021 2021 година

ДО
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**-Генерален секретаријат**

**ПРЕДМЕТ:** Мислење, доставува.-
**ВРСКА:** Ваш акт бр. 43-8932/1 од 28.09.2020 година

Почитувани,

Во врска со Вашиот акт под горенаведениот број и датум со кој на мислење доставивте Предлог – иницијатива на Здружението за промовирање на електрични возила ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ, Скопје, Министерството за внатрешни работи Ве известува за следното:

1. Водењето на евиденција за возилата, во оваа смисла водењето на евиденција за возилата на електричен погон, подразбира нивно внесување во електронски Регистар на возила предвиден во членот 73 од Законот за возила, кој сеуште не се практикува во Министерството за внатрешни работи.

2. Означувањето на регистарските таблички со посебна ознака (Е или слично) не подразбира само промена на Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистарските таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката на нивно издавање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 293/20), туку ваквата промена подразбира и одредени финансиски импликации по буџетот на Министерството, односно по буџетот на граѓаните кои ќе бидат корисници на истите.

3. Не постои директива на Европската унија со која прецизно е уредена формата, содржината, нивото на заштита или квалитетот на материјалот со кој треба да бидат изработени регистарските таблици на возилата, туку секоја земја членка на Европската унија самостојно ги уредува овие прашања. Во оваа смисла напоменуваме дека Директивите на Европската унија преставуваат насоки – смерници за усогласување на законодавствата на земјите членки и земјите кандидати за членство во Европската унија, па поради тоа предлогот за обележување на електричните возила со поставување на посебна ознака на регистарската таблица не треба да се разбере како задолжителна мерка, туку треба да се изнајде модел кој ќе овозможи примена на мерката со користење на рационални и економични мерки, со цел истата да се спроведе со употреба на минимални ресурси и пред се финансиски средства.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Согласно горенаведеното, може да се заклучи дека Предлог – иницијативата за „Обележување и соодветна евиденција на електрични возила во Република Северна Македонија“ доставена од Здружението за промовирање на електрични возила „ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ“ до Владата на Република Северна Македонија, а во врска со објавениот повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2021 година, може да биде прифатена како добра насока во постапката на усогласување на домашното законодавство со ЕУ директивите во периодот кој претстои, додека за нејзина практична имплементација треба да бидат создадени услови за примена и притоа треба да се земат предвид и добрите практики кои ги користат останатите земји пред се членки на Европската Унија.

Со почит,

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
***м-р Магдалена Несторовска***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * MINISTRIA E PUNËVE TË BRENDSHME * СКОПЈЕ - SHKUP * III

**Изработил:** м-р К. Наковска
**Контролирал:** А.Миленкоски
**Согласен:** С. Петровиќ - Арсовска
**Одобрил:** В.Доревска


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015